**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 0903-38/8**

**Скопје, 02.06.2009 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски (во понатамошниот текст МТВ), сметка за приходи наплатени од органи за 2007 година, кои се прикажани на страните 8 и 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија за годините 2001, 2003, 2004 и 2005 година, и за овие години издадени се извештаи за финансиските извештаи на Министерство за транспорт и врски, а не е извршена ревизија за 2006 година, која `и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 01.09.2008 до 23.01.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 20.03.2009 година примени се забелешки по Претходниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски, Сметка за приходи наплатени од органи за 2007 година, заведени под бр. 02 – 3122/2 од 20.03.2009 година, од министерот за транспорт и врски. Истите се разгледани, при што е одлучено следното:
    - Забелешките кои се однесуваат на наодите во точките 10.2.2. ал 4 и 10.4.2. ал 1 и 2 од Претходниот извештај се прифаќаат и наодите се бришат во Конечниот извештај.
    - На наодите во точките 10.1.2, 10.1.3, 10.2.1, 10.2.2. ал 1, 2 и 3, 10.3.1. ал 1, 2, 3 и 4, 10.3.2, 10.3.3, 10.3.4. и 10.3.6. од Претходниот извештај, не се дадени забелешки односно истите се однесуваат на преземени мерки и активности по дадените препораки од ревизијата за отстранување на утврдените неправилности.
    - За забелешките кои се однесуваат на наодите во точките 10.1.1, 10.3.1. ал 5, 10.3.5. ал 1 и 2 и 10.4.1. од Претходниот извештај, ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, како основ за нивно прифаќање, поради што истите се одбиени.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Неправилна примена на акти

11.1.1. Евиденцијата за превозници и моторни возила регистрирани за превоз на патници и стоки во патниот сообраќај во министерството од 2000 година не ги содржи податоците кои се пропишани согласно одредбите од чл. 13 до 16 од Законот за превоз во патниот сообраќај, со важност од 13 октомври 2004 година, што значи истата не е усогласена со барањата согласно регулативата. Неводењето на ваква евиденција може да доведе до нерегуларности во издавањето на транспортните дозволи.

11.1.2. Во 2007 година, и во претходните години, распределбата на транспортните дозволи (обични) е вршена според интерен акт донесен од поранешен министер за транспорт и врски, заведен под бр 18-892 од 1.02.2005 година, кој што не е во важност со донесувањето на Правилникот за постапката, критериумите и начинот на распределба на дозволите за меѓународен превоз на стоки, и е во примена од септември 2005 година. Овој Правилник е донесен согласно Законот за превоз во патниот сообраќај, а одредбите кои се однесуваат на постапката за распределба на

обични транспортни дозволи се дадени во чл. 2, 3 и чл. 20 до 30 од Правилникот. Ваквата состојба остава простор за можност од субјективност и нетранспарентност при распределбата на транспортните дозволи на превозниците.

Ревизорот не дава препорака бидејќи во текот на ревизијата се преземени мерки односно во 2008 година распределбата на транспортните дозволи (обични) се врши врз основа на Уредбата за постапката, критериумите и начинот на распределбата на дозволи во меѓународниот превоз на стоки, донесена во јули 2007 година и Законот за превоз на патниот сообраќај.

11.1.3. Во Законот за превоз во патниот сообраќај, предвидени се одредби кои се однесуваат на издавање на лиценци, а нејзиното поседување како услов за вршење на превоз на патници и стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај. Согласно Законот, министерот има донесено Правилник за форма и содржината на лиценците за вршење на одделни видови јавен превоз во патниот сообраќај и начинот и постапката за добивање и одземање на лиценците како и за продолжување на лиценцата на авто такси превоз на патници, меѓутоа до завршување на ревизијата не е издадена ниедна лиценца, спротивно на Законот за превоз на патниот сообраќај, што може да доведе до нелојална конкуренција помеѓу превозниците и нерегуларности во работењето на истите.

Ревизорот не дава препорака бидејќи се преземени мерки за отстранување на неправилноста односно во јануари 2009 година завршена е изработката на компјутерска програма за евиденција на лиценците во патничкиот и во товарниот сообраќај, и започната е постапката за издавање на лиценци.

**Препораки**

1. Одговорните лица во секторот за патен сообраќај да воведат евиденција за превозници и моторни возила регистрирани за превоз на патници и стоки во патниот сообраќај во зависност од видот на превозот, на начин пропишан во Законот за превоз во патниот сообраќај.

### 11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

11.2.1. Спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, фактурите по основ на побарувањата и обврските не се книжат навремено и по хронолошки редослед во моментот на примање односно издавање, преку евидентирање на активни и пасивни временски разграничувања, туку истите се книжат на трошок односно приход во моментот на исплата, односно наплата. Ваквиот начин на евидентирање придонесува за нереално и необјективно прикажување на прометот и состојбата на побарувањата и обврските во сметководствената евиденција на министерството во одреден тековен или пресметковен период.

Ревизорот не дава препорака бидејќи во текот на ревизијата се преземени мерки односно од 2008 година субјектот започнал да ги евидентира фактурите согласно законски пропишаниот начин.

11.2.2. Со ревизијата на благајничкото работење што се извршува преку денарската и девизната благајна, со вкупен промет од 2.025 илјади денари во 2007 година, од делот на избраниот примерок, се констатирани следните неправилности:

- Благајничките извештаи не се изготвуваат навремено (ажурно) при секоја промена на паричните средства во благајната (влез и излез) на



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

паричните средства. Истите се потпишани само од благајникот односно не се проверени и контролирани од одговорно лице во министерството.

- Не се изготвуваат каса прими и каса исплати како основни документи за евиденција на прометот на благајната, односно за секоја уплата и исплата на средства, освен за исплатените аванси на вработените кои не се евидентираат во прометот на благајната, ниту е обезбеден доказ за исплатата.
- Сметководствените документи приложени кон благајничкиот извештај не се потпишани од овластено лице за одобрување на исплатата и дел од нив не се контролирани од овластено лице (ликвидатор).

Напред наведеното доведува до сомневање во исправноста и законитоста со располагање на готовината во благајните (денарска и девизна) како и за реалноста на искажаниот целокупен влез и излез на парични средства преку благајните што е спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

Ревизорот не дава препораки бидејќи во текот на ревизијата се преземени мерки за отстранување на претходно утврдените неправилности.

11.3. **Неправилности во искажувањето на приходите и расходите**

Ревизијата не доби достатни и релевантни ревизорски докази за да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните приходи на МТВ во вкупен износ од 20.538 илјади денари, поради неприложена документација за основот на уплатата кон налозите за книжење (освен уплатниците за транспортните дозволи), што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

11.3.1. При ревизијата на остварениот и наплатен приход од административни такси преку издавање на транспортни дозволи од страна на МТВ во вкупен износ од 16.468 илјади денари, се утврди следното:

- Спротивно на Законот за буџети, Законот за административни такси и Законот за превоз во патниот сообраќај, извршена е неоснована и незаконска наплата на средства од административни такси на име надомест за издавање на транспортни дозволи (обични дозволи) по поединечна цена од 250 денари што не претставува приход на МТВ туку приход во Буџетот на РМ.
- Во периодот од 1.08. до 31.12.2007 година превозниците уплатувале на сметката за приходи наплатени од органи на МТВ за обична транспортна дозвола по 250 денари и на уплатна сметка 840 - 3116 во Буџетот на РМ по 350 денари, иако од 1.08.2007 година, со измената на Тарифниот број 16 став 1, за поединечна транспортна дозвола превозниците требало да плаќаат само по 600 денари на уплатна сметка во Буџетот на РМ. Средствата што неосновано се остварени во овој период изнесуваат 2.008 илјади денари.
- Ревизијата не доби достатни ревизорски докази за потврда на наплатениот приход од издадените транспортни дозволи за 2007 година, како и потврда за бројот на издадените и подигнати транспортни дозволи од страна на превозниците поради неизвршен попис на бројот на останати транспортни дозволи (неподигнати и нераспределени) од страна на комисија, со состојба на 31.12.2007 година.
- Не постои поврзаност помеѓу извршените уплати од превозниците на сметка 631 и евиденцијата – информатичката база на податоци за издадените и наплатени транспортни дозволи што се води во секторот за сувоземен сообраќај, што може да доведе до незаконско издавање

на транспортни дозволи од страна на вработените како и можност за злоупотреба од страна на превозниците.

- Во периодот од 1998 година до денес во МТВ во секторот за сувоземен сообраќај не е извршена контрола на приходот од административните такси од издавање на транспортни дозволи од страна на Министерството за финансии, а не се вршени ниту внатрешни контроли од вработени лица во самото Министерство, што е спротивно на чл. 25 ст. 1 и 2 од Законот за административни такси, и остава простор за можност од злоупотреба и остварување на помал приход во Буџетот на РМ.

За утврдените наоди во оваа точка наведени под ал 1, 2, 3 и 4 ревизорот не дава препораки бидејќи во текот на ревизијата се преземени мерки за отстранување на претходно утврдените неправилности.

11.3.2. Приходот во вкупен износ од 8.712 илјади денари во текот на 2007 година не е уплатен на соодветните уплатни сметки за јавни приходи што е спротивно на Законот за буџетите и Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи, и има за последица неосновано располагање и користење на средства што се приход на Буџетот на РМ, а истиот е остварен од:

- надомест на трошоци за уривање на објектите од општина Кисела Вода и инвеститорите во вкупен износ од 2.448 илјади денари,
- приход од признаени штети од поправки на возила од Кјуби осигурување АД Скопје во износ од 257 илјади денари,
- приходи од тендери во износ од 126 илјади денари,
- поврaќај на средства во вкупен износ од 270 илјади денари, претходно исплатени од сметката за редовно работење на МТВ, а кои се однесуваат на: поврaќај на средства од правно лице на кое по грешка на МТВ се исплатени средства од сметката за редовно работење, поврaќај на средства од вработените за пречекорувањето над дозволениот износ при користење на мобилен телефон и поврaќај на средства за исплатена отпремнина, и
- приходот од дивиденда по акции во вкупен износ од 5.611 илјади денари.

Ревизорот не дава препораки бидејќи во текот на ревизијата се преземени мерки за отстранување на претходно утврдените неправилности.

11.3.3. Со донесувањето на новиот Закон за внатрешната пловидба, објавен во Сл. весник на РМ бр. 55/07, со важност од 12.05.2007 година, согласно чл. 67 и 74 од истиот, приходите остварени од наплата на надоместокот за полагање испит за стекнување звање управувач на чамец и надоместокот за вршење преглед на чамец, претставуваат приходи на Буџетот на РМ. Наплатата на средствата по овој основ во вкупен износ од 752 илјади денари на сметка на МТВ е спротивно на Законот за буџети и Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи и претставува неосновано располагање и користење на средства кои се приход на Буџетот на РМ од страна на МТВ.

11.3.4. На сметката за приходи наплатени од органи остварен е помал приход за износот на пресметани и наплатени посебни трошоци на постапка за отуѓување на градежно земјиште при склучувањето на договор со најповолниот понудувач (износот е пресметан во чл 4 од договорот), што е спротивно на Уредбата, Законот за градежно земјиште и Законот буџетите. Поради немање на соодветна сметководствена и помошна евиденција на склучените договори за отуѓување на градежното земјиште,


*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

ревизијата не можеше да го утврди вкупниот износ на помалку искажаниот износ, кој што со 31.12.2007 година е пренесен во Буџетот на РМ, заедно со средствата остварени од отуѓувањето на градежно земјиште кои претставуваат приход во Буџетот на РМ. Како пример, може да се наведе износот на пресметани и наплатени посебни трошоци, во неколку склучени договори за отуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање според кои овие трошоци изнесуваат вкупно 1.478 илјади денари.

Ревизорот не дава препорака бидејќи во текот на ревизијата е отпочната постапка за наплата на овој вид на приходи.

11.3.5. Ревизијата не доби достатни и релевантни ревизорски докази за да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните расходи во МТВ поради непостоење на соодветна поткрепувачка документација, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, за следните видови на расходи:

- Расходи за набавка на клима уреди (10 клима уреди за министерството и 15 клима уреди за интернет клубовите) и 30 електрични панелни радијатори, на вкупен износ од 600 илјади денари, поради неприложени испратници од добавувачите, неизвршен прием, а на дел од приложените испратници на опремата за интернет клубовите се потпишани лица кои не се вработени во министерството.
- Направени се расходи за набавка на софтвер за документ менаџмент систем во вредност од 1.499 илјади денари и за набавка на софтвер за управување со градежно земјиште во вредност од 157 илјади денари, кои `се уште не се ставени во функција, иако планираниот рок за нивното активирање е веќе поминат.

Необезбедениот систем на интерни контроли може да доведе до несовесно користење и злоупотреба на буџетските средства од страна на лицата вработени во министерството.

11.3.6. Ревизијата има обрска да истакне дека во 2007 година евидентирани се расходи на ставка договорни услуги во вкупен износ од 10.117 илјади денари, по извршни судски решенија за кои на ревизијата не `и се доставени на увид соодветни документи (пресуда, судско решение, извршно решение и сл.) и за кои не е дадено никакво образложение од одговорните лица. На ваков начин субјектот го ограничува делокругот на испитување на ревизорот за законското и наменско користење на средствата.

**Препораки**

1. Во сметководствената евиденција да се воведе аналитичка евиденција за различните видови на приходи врз основа на соодветна документација.
2. За набавките на опрема да се донесе интерен акт (процедура) со кој ќе се регулира начинот и постапката на прием на опремата и лицата задолжени за спроведување.
3. Секторот за нормативно–правни работи во соработка со Јавното правобранителство континуирано да ги следи судските постапки во кои МТВ е тужена странка, и навремено да ја обезбедува целокупната документација (пресуда, судско решение, извршно решение и сл).

11.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.4.1. Располагање со средства спротивно на законските прописи:

- Утврдено е незаконско располагање и користење на средства од наплатен приход по различни основи во вкупен износ од 25.932 илјади денари, поради непостоење на законски основ за остварување на ваков приход на сметка на министерството односно истиот претставува приход на Буџетот на РМ. (дадено образложение во точка 11.3.1, 11.3.2. и т. 11.3.3)
  Ревизорот не дава препорака бидејќи во текот на ревизијата е отпочната постапка за пренос и наплата на приходите во Буџетот на РМ.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.2.1 и 11.2.2, 11.3.1. до 11.3.6 и 11.4.1. ние не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски-сметка за приходи наплатени од органи, под 31.12.2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 11.4. кај Министерството за транспорт и врски – сметка за приходи наплатени од органи не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

14. Ревизијата има обврска да истакне дека по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на МТВ, сметка за приходи наплатени од органи за 2005 година, од страна на Министерството за транспорт и врски, делумно се спроведени препораките за отстранување на неправилностите во наодите во точка 11.1.3, 11.3.1, 11.3.4, 11.4.1 и 11.4.2, а не се спроведени препораките за наодите во точка 11.1.2, 11.1.4, 11.2.1, 11.3.2, 11.3.3, 11.3.5 и 11.3.6. од извештајот.

15. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Министерството за транспорт и врски во текот на ревизијата

    1. Извршени се корекции на одделни сметки во рамките на позицијата Пасивни временски разграничувања искажани во главната книга и Бруто билансот за 2007 година, поради несоодветно евидентирани дадени аванси на вработени. Министерството ги прифати дадените препораки од ревизијата и ја отстрани утврдената грешка во деловните книги под 31.12.2007 година со налог за книжење бр. 100247 од 31.12.2008 година.

Скопје, 21.05.2009 година **Овластен државен ревизор**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен државен ревизор*

----------------------------

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
### Сметка за приходи наплатени од органи
## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 20,991 | 26,325 |
| Капитални приходи | 2,391 | 3,415 |
| Трансфери и донации | 24,436 | 23,392 |
| Продажба на хартии од вредност | 5,611 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **53,429** | **53,132** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 20,377 | 28,696 |
| Субвенции и трансфери | 98 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **20,475** | **28,696** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 3,336 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **3,336** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **23,811** | **28,696** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **29,618** | **24,436** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **29,618** | **24,436** |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
### Сметка за приходи наплатени од органи
## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР
### БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 29,507 | 24,685 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 111 | 51 |
| Активни временски разграничувања | 1,820 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **31,438** | **24,736** |
| **Постојани средства** | | |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 100,000 | 100,000 |
| **Вкупно постојани средства** | **100,000** | **100,000** |
| **Вкупна актива** | **131,438** | **124,736** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни финансиски обврски | 1,820 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 129,618 | 124,736 |
| **Вкупно тековни обврски** | **131,438** | **124,736** |
| **Вкупна пасива** | **131,438** | **124,736** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен државен ревизор*

----------------------------

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Бр. 0906-38/20***
***Скопје, 25.08.2009 година***

Врз основа на член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија ("Сл. весник на РМ" бр. 65/97…133/07) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски, сметка за приходи наплатени од органи, за 2007 година, бр. 02-6229/2 од 06.07.2009 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

## *Р Е Ш Е Н И Е*
### *по поднесен приговор на Конечен извештај*

**1.** Приговорот на наодите во точка 11.1.1, 11.3.1. ал 5, 11.3.4, 11.3.5. ал 1 и 2, 11.3.6, 11.4.1, 12 и 13 од Конечниот Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски, сметка за приходи наплатени од органи за 2007 година, **не се прифаќа**.

**2.** Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### *О б р а з л о ж е н и е*

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски, сметка за приходи наплатени од органи за 2007 година, поднесен е приговор бр. 02-6229/2 од 06.07.2009 година.

Образложението за неприфаќање на приговорот на наодите изнесени во точка 11.1.1, 11.3.1. ал 5, 11.3.4, 11.3.5. ал 1 и 2, 11.3.6, 11.4.1, 12 и 13 од Конечниот извештај е следното:

1. Приговорот на наодот во точка 11.1.1. од Конечниот извештај, кој се однесува на неводењето на евиденција за превозници и моторни возила регистрирани за превоз на патници и стоки во патниот сообраќај во зависност од видот на превозот што е спротивно на Законот за превоз во патниот сообраќај, и може да доведе до нерегуларности во издавањето на транспортните дозволи, **не се прифаќа**, од причина што постојната евиденција за превозници и моторни возила од 2000 година не ги содржи податоците кои се пропишани согласно одредбите од чл 13 до 16 од Законот за Превоз во патниот сообраќај, со

важност од 13 октомври 2004 година, а евиденцијата, наведена во приговорот, се однесува на електронска распределба на меѓународните дозволи за превоз на стоки и електронска распределба на линиите во внатрешниот и меѓународниот превоз на патници, воведени во втората половина на 2008 година.

2. Приговорот на наодот во точка 11.3.1. ал. 5 од Конечниот извештај, кој се однесува на неизвршена контрола на приходот од административните такси од издавање на транспортни дозволи од страна на Министерството за финансии, во периодот од 1998 година до денес во МТВ во Секторот за сувоземен сообраќај, ниту внатрешни контроли од вработени лица во Министерството за транспорт и врски, што е спротивно на чл. 25 ст. 1 и 2 од Законот за административни такси, **не се прифаќа,** од причина што не се доставени нови релевантни докази за промена на наодот, во смисла на записници или извештаи за извршени контроли.

3. Приговорот на наодот во точка 11.3.4. од Конечниот извештај, кој се однесува на остварен помал приход на сметката за приходи наплатени од органи, за износот на пресметани и наплатени посебни трошоци на постапка за отуѓување на градежно земјиште при склучувањето на договор со најповолниот понудувач, што е спротивно на Уредбата, Законот за градежно земјиште и Законот за буџетите, **не се прифаќа**, поради тоа што во приговорот е дадено само појаснување дека по завршувањето на ревизијата, извршена е контрола од страна на внатрешната ревизија во министерството и квантифициран е износ на помалку остварен приход за 2007 година во вкупен износ од 2.115 илјади денари. Од страна на МТВ доставено е писмо до Министерството за финансии, Сектор за трезор, со барање да се изврши повраќај на погрешно уплатените средства на сметката за приходи наплатени од органи на МТВ, за што е добиен одговор од 20.02.2009 година за дополнителна достава на податоци за да може да се реализира истото.

4. Приговорот на наодот во точка 11.3.5. ал. 1 од Конечниот извештај, кој се однесува на недобиени достатни и релевантни ревизорски докази за да ја потврди реалноста и објективноста на расходите за набавка на опрема поради неприложени испратници од добавувачите, неизвршен прием, а на дел од приложените испратници на опремата за интернет клубовите се потпишани лица кои не се вработени во министерството, **не се прифаќа**, од причина што набавката на целата опрема треба да се спроведе по соодветна процедура, преку МТВ, а потоа дел од истата да се предаде со записници на корисниците од страна на комисија формирана од МТВ.

5. Приговорот на наодот во точка 11.3.5. ал. 2 од Конечниот извештај, што се однесува на недобиени достатни ревизорски докази кои ќе ја потврдат реалноста и објективноста на расходите за набавка на софтвер за документ менаџмент систем и за набавка на софтвер за управување со градежно земјиште, кои `се уште не се ставени во функција, иако планираниот рок за нивното активирање е веќе поминат, **не се прифаќа,** од причина што образложението дадено од субјектот не влијае на промена на наодот.

6. Приговорот на наодот во точка 11.3.6. од Конечниот извештај, кој се однесува на евидентирани расходи на ставка договорни услуги за 2007 година, по извршни судски решенија за кои на ревизијата не `и се доставени на увид соодветни документи (пресуда, судско решение, извршно решение и сл.) и за кои не е дадено никакво образложение од одговорните лица, со што субјектот го


*ул: “Маршал Тито” - 12/3* **Овластен државен ревизор**
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

ограничува делокругот на испитување на ревизорот за законското и наменско користење на средствата, **не се прифаќа.** Во приговорот е дадено појаснување од МТВ дека за поголемиот број исплати во 2007 година во сметководството немало прилог на извршни судски решенија и дека МФ - Сектор за трезор не доставувал редовно копии од истите. Во прилог е доставено барањето од МТВ и известувањето од МФ – Сектор за трезор од 14.01.2009 година за доставени налози за присилна наплата, со преглед на исплати по изводи, датуми и износи.

7. Приговорот на наодот во точка 11.4.1. од Конечниот извештај, кој се однесува на незаконското располагање и користење на средства од наплатен приход по различни основи поради непостоење на законски основ за остварување на истиот (дадено образложение во точка 11.3.1, 11.3.2. и 11.3.3.од извештајот), **не се прифаќа**, поради тоа што утврдениот наод не се однесува на наменско трошење на средствата согласно финансискиот план, туку на неосновано прибирање и располагање со буџетски средства. Постапувајќи по препораката од ревизијата, МТВ достави известување дека во 2009 година сите средства кои претставуваат приход на Буџетот на РМ ќе ги уплатува на соодветните уплатни сметки во Буџетот на РМ.

8. Приговорот на наодот во точка 12. и 13. од Конечниот извештај, кој се однесува на воздржување од давање на мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на сметката за приходи наплатени од органи под 31.12.2007 година и резултатот од финансиските активности за 2007 година, и неостварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година, **не се прифаќа**, поради тоа што спроведувањето на препораките дадени од овластениот државен ревизор, од страна на министерството во 2008 и 2009 година, не го менува изразеното мислење на ревизорот за финансиските извештаи за 2007 година.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Скопје, 10.08.2009 година

**Главен државен ревизор,**

**Тања Таневска**